# Службен гласник

## на Општина Струмица

| Број 7 | Петок , 20 април 2007 год. |
|---|---|

*www.strumica.gov.mk*


**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица:**


Стр.

**41.** **Буџетски календар** за подготовка и донесување на Буџетот на општина Струмица за 2008 година ……………….. 2

**42.** **Програма** за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2007 година …… 3

**43.** **Одлука** за донесување на Планот за изменување и дополнување на Деталниот убанистички план на дел од Урбан Блок бр.20 во Струмица ……… 4

**44.** **Одлука** за донесување на Планот за изменување и дополнување на Деталниот убанистички план на дел од Урбан Блок бр.37 во Струмица ………… 5

**45.** **Одлука** за доделување парична помош на Томе Милков од с. Дабиле ….……… 6

Стр.

**46.** **Заклучок** за утврдување на Нацрт – урбанистичкиот план вон населеното место Струмица, повеќенаменска индустриска зона КО Сачево и КО Градско Балдовци – Општина Струмица. 6

**47.** **Заклучок** за усвојување на Годишната завршна сметка на Средното општинско училиште "Јане Сандански" Струмица за 2006 година ………………………………… 7

**48.** **Заклучок** за усвојување на Годишната завршна сметка на Средното општинско училиште "Димитар Влахов" Струмица за 2006 година ………………………………… 8

**49.** **Заклучок** за усвојување на Годишната завршна сметка на Средното општинско училиште "Никола Карев" Струмица за 2006 година ………………………………… 8


---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Буџетскиот календар за подготовка и донесување на Буџетот на општина Струмица за 2008 година

1.Се објавува Буџетскиот календар за подготовка и донесување на Буџетот на општина Струмица за 2008 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 19.04.2007 година.

Бр. 08-1696/2
19.04.2007 год.
С т р у м и ц а

Градоначалник
на општина Струмица
Зоран Заев с.р.

**41.**

Врз основа на член 27 точка 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ’ број 61/04) и член 20 став 1 точка 4 од Статутот на општина Струмица, Советот на општина Струмица на седницата одржана на 19.04.2007 година донесе

**Буџетски календар**
**за подготовка и донесување на Буџетот на**
**општина Струмица за 2008 година**

| Можен датум | Буџетски активности | Одговорност |
|---|---|---|
| Април 2007 | Советот на општината донесува Буџетски календар | Совет на општина Струмица |
| Мај-јуни 2007 | Совет на општината усвојува развојни документи | Совет на општина Струмица |
| 1-30 09/07 | Министерот за финансии подготвува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-буџетите за наредната година и висината на дотациите на Буџетот на РМ, кој им го доставува на општината | Чл.21 од Законот на буџетите (“Сл.весник на РМ” бр. 64/04); чл.27 ст.1 и 2 од Законот за финан-сирање на ЕЛС (“Сл.весник на РМ” бр. 61/04) |
| Септември – октомври 2007 г. | Јавна расправа за приоритети по урбани и месни заедници | Градоначалник-Одделение за услуги на граѓаните и месна самоуправа |
| 05/10/ 2007 | Градоначалникот и Секторот за финанси и буџет се состануваат за да ги одредат приоритетите и одредбите на буџетот за наредната година | Градоначалникот, Секторот за финансирање и буџет |
| 10/10/ 2007 | Буџетските информации со формуларите за буџетските побарувања со упатства се доставуваат до другите сектори и сите општински буџетски корисници заедно со писмото од Градоначалникот за зацртаните одредби | Сектор за финансирање и буџет |
| 25/10/ 2007 | Проценката на трошоците и изготвените програмски активности за наредната буџетска година се враќаат во Секторот за финансирање и буџет од останатите сектори и општинските буџетски корисници | Раководители на сектори буџетски корисници |
| 30/10/ 2007 | а. Се собираат буџетските барања<br>б. Барањата се анализират и усогласуваат<br>в. Се изготвува билансот на приходи<br>г. Се изготвува билансот на расходи | Сектор за финансирање и буџет |
| Ноември 2007 | Градоначалникот ги разгледува и одобрува предложените предлог-буџетски пресметки и го одобрува Предлог-буџетот подготвен од Секторот за финансирање и буџет | Градоначалник |
| Ноември 2007 | а. Предлог-буџетот се доставува до Советот на општината<br>б. Се одобрува содржината на Предлог-буџетот и се дава на достапност на јавноста; и<br>в. Се одржуваат јавни расправи | Градончалник |
| Декември 2007 | До Советот се доставува конечен Предлог- буџет од страна на градоначалникот | Градоначалник |
| Декември 2007 | Се води расправа во телата на Советот на општината | Комисија за буџет и финансии |
| Декември 2007 | 1.Седница на Советот на општината за донесување на Буџетот за наредната година<br>2.Доколку Советот не го усвои Предлог-буџетот се донесува Одлука за времено финансирање согласно чл.28 ст.2 од Законот за финансирање на ЕЛС (“Сл. весник на РМ”бр.61/04) | Совет на општина Струмица |

Буџетскиот календар влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-1696/1 Совет на општина Струмица
19.04.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2007 година

1. Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2007 година , донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 19.04.2007 година.

Бр. 08-1700/2 Градоначалник
19.04.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………

**42.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 19.04.2007 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2007 година**

Член 1

Со оваа Програма се дополнува Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2007 година (“Сл. гласник на општина Струмица” број 22/06) и тоа:

Во делот на Програмата под 2. Планирани активности под II. Детални уранистички планови:

- реден број 20.Во дел од “објекти” се додаваат зборовите “дел од блок број 16”, а во делот “износ денари” се додаваат зборовите “самоинвестирање”.
- реден број 21. Во дел од “објекти” се додаваат зборовите “блок број 19”, а во делот “износ денари” се додаваат зборовите “самоинвестирање”.
- реден број 22. Во дел од “објекти” се додаваат зборовите “дел од блок број 5”, а во делот “износ денари” се додаваат зборовите “самоинвестирање”
- реден број 23. Во дел од “објекти” се додаваат зборовите ”дел од блок број 22” (зелен појас), а во делот “износ денари” се додаваат зборовите “самоинвестирање”.
- реден број 24. Во дел од “објекти” се додаваат зборовите “дел од блок број 17/1”, а во делот “износ денари” се додаваат зборовите “самоинвестирање”.

Во делот IV.Урбанистички планови вон населени места се додаваат нови редни броеви и тоа:

- реден број 4, во дел од “објекти” се додаваат зборовите “ДУП во КО Куклиш и КО Свидовица (стопанска зона), а во делот “износ денари” се додава зборот “самоинвестирање”.
- реден број 5, во дел “објекти” се додаваат зборовите “КО Куклиш - Свидовица”, а во делот “износ денари” се додава зборот “самоинвестирање”.

Член 2

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр.07-1700/1 Совет на општина Струмица
19.04.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план на дел од Урбан Блок број 20

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Деталниот

урбанистички план на дел од Урбан Блок број 20, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 19.04.2007 година.

Бр. 08-1697/2 Градоначалник
19.04.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………

**43.**

Врз основа на член 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" број 51/05) и член 20 став 1 точка 7 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 19.04.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за донесување на Планот за изменување и дополнување на Деталниот убанистички план на дел од Урбан Блок бр.20**

Член 1

Се донесува Планот за изменување и дополнување на ДУП на дел од урбан Блок бр.20 во Струмица .

Граничниот опфат на Планот го опфаќа просторот помеѓу:

- на север ул. "Ристо Ќурчиев ", на исток ул. "Мара Минанова ", на југ ул. "Трајчо Делиџаков" и на запад ул. "Ристо Ќурчиев" , со површина од 0.90 ха.

Член 2

Составен дел на Планот се :

-Записник од спроведување на јавната анкета по Нацрт-Планот за изменување и дополнување на ДУП на Дел од Урбан Блок бр. 20 во Струмица ;

- Согласност од Министерството за транспорт и врски , Сектор за уредување на просторот бр.18/1935 од 01.03.2007 година ;

Комплетниот примерок од Планот е изработен од ДОО " Урбан " Штип
и содржи :

-текстуален дел
-графички приказ на планските решенија на опфатот
-билансни показатели за планскиот опфат и инфраструктурата.

Член 3

Планот за изменување и дополнување на ДУП за дел од Урбан Блок бр.20 ќе се завери во седум примероци со потпис на Претседателот на Советот и печат на Совет на општина Струмица.

Член 4

Планот за изменување и дополнување на ДУП за дел од Урбан Блок бр.20 ќе се достави до :

-еден примерок во Архивата на општина Струмица

-еден примерок во Секторот за урбанизам , комунални работи заштита на животната средина и ЛЕР

-еден примерок во надлежниот Државен архив

-еден примерок во Секторот за уредување на просторот при Министерството за транспорт и врски

-еден примерок во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам

-еден примерок во Државниот завод за геодетски работи

-еден примерок се изложува заради достапност на јавноста.

Член 5

Советот на општина Струмица во рок од 30 дена од донесувањето на Планот треба да обезбеди картирање на планот на хамер или астралон кои се предаваат во Државниот завод за геодетски работи на чување и користење како подлога за издавање на нумерички податоци.

Член 6

Планот за изменување и дополнување на ДУП за дел од Урбан Блок бр.20 ќе го спроведува Секторот за урбанизам , комунални работи , заштита на животната средина и ЛЕР при Општина Струмица.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица ".

Бр. 07-1697/1 Совет на општина Струмица
19.04.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за донесување на Планот за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план на дел од Урбан Блок број 37

1. Се објавува Одлуката за донесување на Планот за изменување и дополнување на Деталиот урбанистички план на дел од Урбан Блок број 37, донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 19.04.2007 година.

Бр. 08-1698/2 Градоначалник
19.04.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………..

**44.**

Врз основа на член 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" број 51/05) и член 20 став 1 точка 7 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 19.04.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за донесување на Планот за изменување и дополнување на Деталниот убанистички план на дел од Урбан Блок број 37**

Член 1

Се донесува Планот за изменување и дополнување на ДУП на дел од урбан Блок бр.37 во Струмица .

Граничниот опфат на Планот го опфаќа просторот помеѓу:

- улиците: "11 Октомври", "Чеде Филиповски", "Ѓуро Салај" и "Тодор Циповски" со површина од 1,17 хектари.

Член 2

Составен дел на Планот се :

-Записник од спроведување на јавната анкета по Нацрт-Планот за изменување и дополнување на ДУП на Дел од Урбан Блок бр. 37 во Струмица ;

- Согласност од Министерството за транспорт и врски, Сектор за уредување на просторот бр.18-1936 од 30.03.2007 година;

Комплетниот примерок од Планот е изработен од ДОО " Урбан "Штип и содржи :

-текстуален дел

-графички приказ на планските решенија на опфатот

-билансни показатели за планскиот опфат и инфраструктурата.

Член 3

Планот за изменување и дополнување на ДУП за дел од Урбан Блок бр.37 ќе се завери во седум примероци со потпис на Претседателот на Советот и печат на Совет на општина Струмица.

Член 4

Планот за изменување и дополнување на ДУП за дел од Урбан Блок бр.37 ќе се достави до :

-еден примерок во Архивата на општина Струмица

-еден примерок во Секторот за урбанизам , комунални работи заштита на животната средина и ЛЕР

-еден примерок во надлежниот Државен архив

-еден примерок во Секторот за уредување на просторот при Министерството за транспорт и врски

-еден примерок во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам

-еден примерок во Државниот завод за геодетски работи

-еден примерок се изложува заради достапност на јавноста.

Член 5

Советот на општина Струмица во рок од 30 дена од донесувањето на Планот треба да обезбеди картирање на планот на хамер или астралон кои се предаваат во Државниот завод за геодетски работи на чување и користење како подлога за издавање на нумерички податоци

Член 6

Планот за изменување и дополнување на ДУП за дел од Урбан Блок број 37 ќе го спроведува Секторот за урбанизам , комунални работи , заштита на животната средина и ЛЕР при Општина Струмица.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица “.

Бр. 07-1698/1 Совет на општина Струмица
19.04.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за доделување парична помош

1. Се објавува Одлуката за доделување парична помош, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 19.04.2007 година.

Бр. 08-1704/2 Градоначалник
19.04.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………………

**45.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 19.04.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување парична помош**

Член 1

На Томе Милков од с. Дабиле му се доделува парична помош во износ од 80.000 денари, за санирање на штета од пожар.

Член 2

Одобрените средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2007 година и се исплатат во готово.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-1704/1 Совет на општина Струмица
19.04.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за утврдување на Нацрт – урбанистичкиот план вон населеното место Струмица

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Нацрт – урбанистичкиот план вон населеното место Струмица, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 19.04.2007 година.

Бр. 08-1699/2 Градоначалник
19.04.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р

………………

**46.**

Врз основа на член 22 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” број 51/05) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 19.04.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**

1. Се утврдува Нацрт – урбанистичкиот план вон населеното место Струмица, повеќенаменска индустриска зона КО Сачево и КО Градско Балдовци – општина Струмица со урбан опфат со површина од 44,46 ха.

2. Нацрт – Урбанистичкиот план во населеното место Струмица повеќенаменска индустриска зона КО Сачево и КО Градско Балдовци – општина Струмица содржи:

а)Текстуален дел
б)Графички приказ.

3. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-1699/1 Совет на општина Струмица
19.04.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на СОУ “Јане Сандански” Струмица за 2006 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на СОУ “Јане Сандански” Струмица за 2006 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 19.04.2007 година.

Бр. 08-1701/2 Градоначалник
19.04.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………..

## 47.

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 19.04.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Годишната завршна сметка на Средното општинско училиште “Јане Сандански” Струмица за 2006 година**

1. Се усвојува Годишната сметка на Средното општинско училиште “Јане Сандански” Струмица за 2006 година.

2. Мора да има наменско користење на средствата од сметката 787 – самофинансирање, а посебно за средствата собрани по основ на партиципација, согласно законските прописи и Статутот на училиштето, поткрепено со одлуки на оргните и телата кои одлучуваат за трошењето на овие средства.

3. Да се врши пореално планирање на трошоците, намалување на трошоците, подобро менанџирање со средствата.

4. Комисијата за финансии, буџет и локален економски развој дополнително да побара дополнителни информации од училиштето со извештаите за работа во врска со трошењето и располгањето на средствата.

5. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-1701/1 Совет на општина Струмица
19.04.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на СОУ “Димитар Влахов” Струмица за 2006 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на СОУ “Димитар Влахов” Струмица за 2006 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 19.04.2007 година.

Бр. 08-1702/2 Градоначалник
19.04.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………

## 48.

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 19.04.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Годишната завршна сметка на Средното општинско училиште “Димитар Влахов” Струмица за 2006 година**

1. Се усвојува Годишната сметка на Средното општинско училиште “Димитар Влахов” Струмица за 2006 година.

2. Мора да има наменско користење на средствата од сметката 787 – самофинансирање, а посебно за средствата собрани по основ на партиципација, согласно законските прописи и Статутот на училиштето, поткрепено со одлуки на оргните и телата кои одлучуваат за трошењето на овие средства.

3. Да се врши пореално планирање на трошоците, намалување на трошоците, подобро менанџирање со средствата.

4. Комисијата за финансии, буџет и локален економски развој дополнително да побара дополнителни информации од училиштето со извештаите за работа во врска со трошењето и располгањето на средствата.

5. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-1702/1 Совет на општина Струмица
19.04.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на СОУ “Никола Карев” Струмица за 2006 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на СОУ “Никола Карев” Струмица за 2006 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 19.04.2007 година.

Број 08-1703/2 Градоначалник
19.04.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………

## 49.

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 19.04.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Годишната завршна сметка на Средното општинско училиште “Никола Карев” Струмица за 2006 година**

1. Се усвојува Годишната сметка на Средното општинско училиште “Никола Карев” Струмица за 2006 година.
2. Мора да има наменско користење на средствата од сметката 787 – самофинансирање, а посебно за средствата собрани по основ на партиципација, согласно законските прописи и Статутот на училиштето, поткрепено со одлуки на оргните и телата кои одлучуваат за трошењето на овие средства.
3. Да се врши пореално планирање на трошоците, намалување на трошоците, подобро менанџирање со средствата.
4. Комисијата за финансии, буџет и локален економски развој дополнително да побара дополнителни информации од училиштето со извештаите за работа во врска со трошењето и располгањето на средствата.
5. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-1703/1 Совет на општина Струмица
19.04.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.